РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA...
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: Pranuar: 10-03-2025
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 03 | 1018/1 | | |


( Образец ПП……)

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**До:** ______________________________________________

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

______________________________________________

[redacted]

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted]о врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 02.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]
2. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 02.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до[redacted]
3. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] под бр. 08-74 од 20.12.2024 година примена во ДКСК на ден 20.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]
4. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] под бр. 08-74 од 20.12.2024 година примена во ДКСК на ден 20.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до[redacted]
5. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до[redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен в[redacted] под бр. 08-79 од 24.12.2024 година примена во ДКСК на ден 24.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]
6. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] под бр. 08-79 од 24.12.2024 година примена во ДКСК на ден 24.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до[redacted]
7. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 30.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до[redacted]
8. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примен во ДКСК на ден 30.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]
9. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted]во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 08.01.2025 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]
10. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 08.01.2025 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Во Скопје, 09.03.2025 година** [redacted]

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Sunday, March 9, 2025 9:37 AM |
| **To:** | contact@dksk.org.mk; tatjana.dimitrovska@dksk.org.mk; a.cucul@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | Барање слободен пристап до информации.pdf |

**Почитувани,**

**Во прилог доставувам барање за пристап до информации од јавен карактер.**

**Со почит,**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1018/2
1.4.2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1018/1 од 10.03.2025 година, доставено од [redacted] Скопје, го донесе, следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1018/1 од 10.03.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-1018/1 од 10.03.2025 година со кое побара:

*„1. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 02.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*

*2, Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден:02.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*

*3. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен [redacted] пол бр. 08-74 од 20.12.2024 година примена во ДКСК на ден 20.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*

*4. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] Скопје под бр. 08-74 од 20.12.2024 година примена во ДКСК на ден 20.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*

*5. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] пол бр. 08-79 од 24.12.2024 голина примена во ДКСК на ден 24.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*
*6. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" заведен во [redacted] под бр. 08-79 од 24.12.2024 година примена во ДКСК на ден 24.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*
*7. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 30.12.2024 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*
*8. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примен во ДКСК на ден 30.12.2024 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*
*9. Известување проследено од Државна комисија за спречување на корупцијата до [redacted] во врска со предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 08.01.2025 година и доказ дека известувањето било доставено до [redacted]*
*10. Одлука донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно предмет со наслов "ПРИЈАВА" примена во ДКСК на ден 08.01.2025 година и доказ дека Одлуката била доставено до [redacted]*

По разгледување на барањето, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации

Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) постапи по предмет бр. 12-1734/1 од 04.06.2024 година, оформен по доставена пријава, против [redacted] во врска со работењето на [redacted] Северна Македонија.

Со цел проверка на наводите од пријавата, ДКСК побара информации од Јавното обвинителство на РСМ, од каде е доставено Известување со А.бр. 03-912/2024 од 05.08.2024 година, дека во Основното јавно обвинителство Скопје е оформен предмет КО бр. 903/24 против [redacted], каде постапката е во тек.

По разгледување на допирните податоци во врска со предметот 12-1734/1 од 04.06.2024 година, ДКСК на 10-тата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе Одлука бр.12-1734/15 од 25.11.2024 година со која ја запре постапката по предметот. Одлуката е објавена на веб страницата на ДКСК и со Известување бр. 12-1734/16 од 27.11.2024 година Одлуката е доставена до пријавителот за запознавање.

Целокупната документација која беше доставена по донесувањето на споменатата одлука од Ваша страна, ДКСК со допис број 12-143/13 од 26.03.2025 година, ја достави за натамошно постапување до Јавното обвинителство на РСМ, во врска со оформениот предмет КО 903/24.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 11-04-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 1018/4 | | |


**Државна комисија за спречување на корупцијата**

| | |
|---|---|
| **From:** | Aleksandra Atanasovska Gjorgjijeska <agatanasovska@aspi.mk> |
| **Sent:** | Thursday, April 10, 2025 3:38 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Cc:** | contact@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Доставување на Претставка на надлежност |
| **Attachments:** | Доставување на Претставка на надлежност 03-12.pdf |

Почитувани,

Во врска по поднесена Претставка до Агенцијата, во прилог на овој допис Ви ја доставуваме претставката на Ваша натамошна надлежност.

Со почит.

Александра Атанасовска Ѓорѓијеска
Помлад соработник

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО
НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО
ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје, Република Северна Македонија
моб: 070 270 216
Тел: 02 3127 453
Факс: 02 3118 038
www.aspi.mk

РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАПДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./Nr./ No. 03-12

Скопје,Shkup,Skopje 10.04 2025година/viti/yea

До

Државната комисија за спречување на корупцијата
Бул. Пресвета Богородица бр. 3
С к о п ј е

ПРЕДМЕТ: Доставување на претставки на надлежност

ВРСКА: Претставка во врска со насловено „Барање за пристап до информации од јавен карактер" од 01.04.2025 година

Почитувани,

Страшо Глигоров од Скопје на 01.04.2025 година до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер достави допис насловен „Жалба", заведен во Агенцијата под бр.03-12, изјавена против Државната комисија за спречување на корупцијата, по негов електронски поднесок насловен „Барање за пристап до информации од јавен карактер", доставен до Вас на 09.03.2025 година. Поради природата на насловената „Жалба", Агенцијата истата ја третираше како Претставка, бидејќи со поднесеното Барање се бараат информации од Ваша надлежност.

Во врска со горенаведеното, постапувајќи согласно член 5 став 2 и член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози Агенцијата Ви ја препраќа Претставката на Ваша натамошна надлежност.

Во прилог:

1. ПРЕТСТАВКА бр.03-12 од 01.04.2025 година.

Со почит,

Директор,
Пламенка Бојчева

Изготвил: Макфирете Морина Сулејмани
Контролирал: Василка Поп Ѓорѓиева
Одобрил: Петар Гајдов
Доставено до:
- архива на Агенцијата
- подносител на Претставка
- Имател на информации

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561тел./ tel. /phone.+389 2 3127 453;+389 2 3118 038 Web: http://www.aspi.mk
Bul. "GoceDellçev" nr 18 Shkup F.P 561 факс/faks/fax: +389 2 3114 695 e-mail:aspi@aspi.mk
Blvd."GoceDelcev" no.18 Skopje, PO.Box.561

претставка

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë te informacionet me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar: 01.04.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог / Pranë | Вредност / Vlera |
| 03 | 12 | 3 | |

## Zalbi

**From:** [redacted]
**Sent:** вторник, 01 април 2025 08:12
**To:** Zalbi
**Subject:** zalba
**Attachments:** Образец-ЖАЛБА-ВОРД-2020-1.pdf; Барање слободен пристап до информации.pdf; E-posta od 09.03.2025.pdf

Почитувани,
Во прилог доставувам:

1. Жалба.
2. Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 09.03.2025 година.
3. Е-пошта од 09.03.2025 година поднесено од е-маил: [redacted] до е-маил: contact@dksk.org.mk,tatjana.dimitrovska@dksk.org.mk,a.cucul@dksk.org.mk, b.abazi@dksk.org.mk.

Со почит,
[redacted]

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1018/5
16.04.2025 г./v.

**ДО:** [redacted]

Предмет: **Известување**

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК), од Ваша страна беше поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под архивски број 03-1018/1 од 10.03.2025 година.

На ден 01.04.2025 година, од Ваша страна беше поднесена жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Агенцијата, имајќи ја предвид содржината на жалбата, истата ја третираше како претставка и ја достави до ДКСК за понатамошно постапување согласно надлежностите.

Ве известуваме дека ДКСК на ден 01.04.2025 година донесе решение за одговор по однос на барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 03-1018/1, и истото ви беше доставено по електронски пат, согласно начинот наведен во вашето барање.

Со почит,

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk